**Насоки за оперативен план за час**

Ви благодариме што одвоивте време за да составите опретивен план за наставен час. Разбираме дека за да го направите тоа потребно беше да вложите навистина многу труд. При составувањето на Вашиот оперативен план за час, сметаме дека е потребно да ги следите долу- наведените насоки затоа што:

- униформираната структура на оперативни планови на Centropa **ќе му овозможи на секој наставник да направи брза и точна проценка** за тоа дали дадениот наставен час сообразува со неговите наставни цели, временска рамка и ресурси кои ги има на располагање.

- **Комисијата за Ревидирање на Наставниот Материјал на Centropa,** која е составена од искусни едукатори надлежни за разгледување на поднесените оперативни планови , **ќе ги користи долу-наведените насоки за да направи евалуација на наставниот час.** Потоа, ќе Ви биде ипратено кратко резиме со коментари и сугестии за евентуални измени. По добивањето на Вашата согласност во однос на дадените сугестии, Centropa ќе ги направи потребните промени.

**Ве молиме да ги вклучите наведените податоци во Вашиот оперативен план за наставен час. Користете точки (bullets), секогаш кога постои можност за тоа.**

## <u>Воведни информации</u>

**Основни информации**

- Наставна содржина на часот
- Вашето име и името на училиштето/образовната институција каде работите
- Предметот кој го предавате
- Примарната категорија на која што часот се однесува (Холокауст, Еврејски Идентитет, Втора Светска Војна, Историјата на Евреите од Мојот Град и сл. )
- Одделение и возраст на учениците
- Потребно време за реализација на часот (на пр. два наставни часа со времетраење од четириесет минути

**Ваши лични податоци**

Овој дел од оперативниот план не е неопходен, но сепак добро би било да наведете нешто за себе, како на пример: колку време сте во настава, кој предмет го предавате, нешто за училиштето каде работите, Вашите досегашни искуства со Centropa и сл. На тој начин секој наставник што ќе го прочита Вашиот план за час, ќе добие јасна слика за лоцето што го составило тој оперативен план.

**Резиме**

Резиме (еден параграф) на наставниот час: која е темата, контекстот, содржината и целите на часот? Ве молиме наведете ги ресурсите на Centropa кои ги применивте при реализација на часот (филмови, интервјуа и сл.). На овој начин другите наставници веднаш ќе можат да одлучат дали сакаат да продолжат со читање на деталите на овој час или не.

## <u>Општи информации</u>

1. Контекст на часот – како и во која тема од наставниот план на предметот се вклопува овој наставен час ?

2. Трајни знаења – ова се однесува на главната идеја на часот, односно на она што учениците ќе го стекнат како трајно знаење од часот. Кој е примарниот концепт на кој тие ќе се сеќаваат и по десет години, а при тоа заборавајќи на поединостите од часот? На пример: ако работите на проект за животот на Евреите во Полска (образование, општествено-политички, религиозен живот и сл.) трајните знаења би можеле да се однесуваат на фактот дека религизната, политичката и интелектуалната разновидност на еврејскиот живот во Полска предизвикува создавање на една динамична еврејска култура која има големо влијание на културата на Евреите низ целиот свет и денес.

3. Цели/задачи: кои се целите/задачите на часот/проектот? Наведете ги исчекувани резултати, стекнати знаења и вештини, како и воспитните цели.

4. Кои се ресурси (Centropa и др.) се користат за реализација на часот. Наведете ги *сите* наставни средства, вклучувајќи ги примарните наставни помагала, веб линкови кои се користени за часот, како и поединечните филмови и интервјуа на Centropa.

5. Дали на учениците им се неопходни одредени предзнаења за успешна реализација на предвидените цели и задачи? Доколку тоа е неопходно, Ве молиме да наведете.

## <u>Наставен час</u>

Ве молиме опишете го секој дел од часот. На тој начин наставниците ќе бидат во можност во потполност да разберат како сте го испланирале текот на активностите на часот. Вклучете го следното:

1. Воведен дел. На кој начин ќе ги мотивирате учениците на почетокот на часот? Кои се почетните активности преку кои ги воведувате учениците во темата на часот?
2. Главен дел.
   а. Опишете ја секоја активност од главниот дел на часот на начин кој е лесно разбирлив за следење.
   б. До секој дел од часот наведете го потребното време за реализација на активностите.

3. Завршен дел. На кој начин ќе ги оцените постигнувањата на учениците во однос на стекнатите компетенции, сознанија и постигнатите знаења и вештини за време на часот? На пр: тука можете да вклучите изработка на визуелен проект, задача – пишување на текст, пополнување на прашалник/анкета, изработка на тест и сл.

**<u>Рефлексија</u>**

Ве молиме напишете куса рефлексија (еден параграф) за вашето искуство од реалиацијата на часот, при што ќе дадете одговор на следните прашања:

- Кое е Вашето искуство од овој час?
- Кои се Вашите препораки за наставниците кои сакаат да го применат овој час?
- Кои елементи од часот дадоа добри резултати?
- Што би можело да се реализира на поинаков начин? Со кои предизвици се соочивте?